# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

.

| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Свети Николе<br><br>Излегува по потреба** | **23.05. 2012 година<br>ден месец година<br>Свети Николе<br>Број 5** | **ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА<br>Трезорска сметка 100000000063010<br>Буџетски корисник 7630140762- 630-10** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување наОдлука За дополнување на Програмата**
**за изработка, измени и дополнувања на урбанистички планови на територијата на Општина Свети Николе за 2012 година**

Се објавува Одлука За дополнување на Програмата за изработка, измени и дополнувања на урбанистички планови на територијата на Општина Свети Николе за 2012 година бр. 0701 - 466 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 23.05. 2012 година.

**Бр. 0801-454/2-1**
**23.05. 2012 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 17 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.60/11-пречистен текст), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 23.05. 2012 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**За дополнување на Програмата за изработка, измени и дополнувања на урбанистички планови на територијата на Општина Свети Николе за 2012 година**

**Член 1**

Се отпочнува постапка за дополнување на Програмата за изработка, измени и дополнувања на урбанистички планови на територијата на Општина Свети Николе за 2012 година :

**1.**Изработка и донесување на ЛУПД за изградба на откупен центар за земјоделски производи со полигон за конзервирање и складишен простор на КП бр.7247/1, 7247/2 и 7248 м.в.„Бестрики “ , КО Свети Николе , Општина Свети Николе

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Свети Николе”.

**Бр.0701-466** **Совет на Општина Св.Николе**
**23.05. 2012 год.** **Претседател,**
**Свети Николе** **Марјанчо Саздов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука**
**За пристапување кон изработка и донесување на Локална urbanистичка планска документација за изградба на откупен центар за земјоделски производи со полигон за конзервирање и складишен простор на КП бр.7247/1, 7247/2 и 7248 м.в.„Бестрики “ , КО Свети Николе , Општина Свети Николе**

Се објавува Одлука За пристапување кон изработка и донесување на Локална урбанистичка планска документација за изградба на откупен центар за земјоделски производи со полигон за конзервирање и складишен простор на КП бр.7247/1, 7247/2 и 7248 м.в.Бестрики , КО Свети Николе , Општина Свети Николе бр. 0701 - 456 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 23.05. 2012 година.

**Бр. 0801-454/2-2** **Градоначалник,**
**23.05. 2012 год.** **на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** ***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 7 точка 2 алинеја 4, а во врска со член 13 и член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија “ бр.60/2011 – пречистен текст ), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 23.05. 2012 година донесе

**О Д Л У К А**
**За пристапување кон изработка и донесување на Локална урбанистичка планска документација за изградба на откупен центар за земјоделски производи со полигон за конзервирање и складишен простор на КП бр.7247/1, 7247/2 и 7248 м.в.„Бестрики “ , КО Свети Николе , Општина Свети Николе**

**Член 1**

Се пристапува кон изработка и донесување на Локална урбанистичка планска документација за изградба на откупен центар за земјоделски производи со полигон за конзервирање и складишен простор на КП бр.7247/1, 7247/2 и 7248 м.в.„Бестрики “ , КО Свети Николе , Општина Свети Николе;

**Член 2**

Изработката на планот ќе започне по добивање на услови за планирање на просторот од Органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на просторно планирање.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Свети Николе”.

**Бр.0701-456**
**23.05. 2012 год.**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Св.Николе**
**Претседател,**
**Марјанчо Саздов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за измена на Предлог листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Свети Николе**

Се објавува Одлука за измена на Предлог листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Свети Николе бр. 0701 - 457 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 23.05. 2012 година.

**Бр. 0801-454/2-3**
**23.05. 2012 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( “Сл.Весник на РМ” бр. 5/02), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 23.05. 2012 година донесе

**О Д Л У К А**
**за измена на Предлог листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Свети Николе**

**член 1**

Во Листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Свети Николе под реден број 31 наместо Партениј Зоографски, да стои Партениј Зографски и под реден број 32, наместо Блаже Коневски, да стои Блаже Конески.

**член 2**

Останатите имиња од Листата остануваат во сила како што се утврдени со основната листа.

**член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во “Службен гласник” на Општина Свети Николе.

**Бр.0701-457**
**23.05. 2012 год.**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Св.Николе**
**Претседател,**
**Марјанчо Саздов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука**
**За отпочнување постапка за изработка на Детален урбанистички план за индустриска зона - југ плански опфат меѓу ул. " Маршал Тито" и река Периш КО Свети Николе , Општина Свети Николе**

Се објавува Одлука За отпочнување постапка за изработка на Детален урбанистички план за индустриска зона - југ плански опфат меѓу ул. " Маршал Тито" и река Периш КО Свети Николе , Општина Свети Николе бр. 0701 - 458 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 23.05. 2012 година.

**Бр. 0801-454/2-4**
**23.05. 2012 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 7 став 1 точка 2 алинеја 2 и член 11 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија " бр.60/11), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 23.05.2012 година донесе

**О Д Л У К А**
**За отпочнување постапка за изработка на Детален урбанистички план за индустриска зона - југ плански опфат меѓу ул. " Маршал Тито" и река Периш КО Свети Николе , Општина Свети Николе**

**Член 1**

Се отпочнува постапка за изработка на Детален урбанистички план за индустриска зона - југ плански опфат меѓу ул. " Маршал Тито" и река Периш КО Свети Николе , Општина Свети Николе.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во Службен гласник на Општина Свети Николе.

**Бр.0701-458**
**23.05. 2012 год.**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Св.Николе**
**Претседател,**
**Марјанчо Саздов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука За отпочнување постапка за изменување и дополнување на дел од Детален урбанистички план за У.Е.1 плански опфат Урбан модул ул. " Маршал Тито ", ул." Септемвриска " ул. " Ангел Трајчев " и Кеј на река Светниколска , Општина Свети Николе**

Се објавува Одлука За отпочнување постапка за изменување и дополнување на дел од Детален урбанистички план за У.Е.1 плански опфат Урбан модул ул. “ Маршал Тито “, ул.″ Септемвриска ″ ул. ″ Ангел Трајчев ″ и Кеј на река Светниколска , Општина Свети Николе бр. 0701 - 459 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 23.05. 2012 година.

**Бр. 0801-454/2-5**
**23.05. 2012 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 7 став 1 точка 2 алинеја 2 и член 11 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија “ бр.60/11), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 23.05. .2012 година донесе

**О Д Л У К А**
**За отпочнување постапка за изменување и дополнување на дел од Детален урбанистички план за У.Е.1 плански опфат Урбан модул ул. “ Маршал Тито “, ул.″ Септемвриска ″ ул. ″ Ангел Трајчев ″ и Кеј на река Светниколска , Општина Свети Николе**

**Член 1**

Се отпочнува постапка за изменување и дополнување на Дел од Детален урбанистички план за У.Е.1 , Плански опфат меѓу ул. “ Маршал Тито “, ул.″ Септемвриска ″ ул. ″ Ангел Трајчев ″ и Кеј на река Светниколска , Општина Свети Николе.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во Службен гласник на Општина Свети Николе.

**Бр.0701-459**
**23.05. 2012 год.**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Св.Николе**
**Претседател,**
**Марјанчо Саздов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на**
**Одлука за сопствено учество на Општина Свети Николе во проект за ИПА Програмата - Прекугранична соработка Р.Македонија – Грција 2007-2013**

Се објавува Одлука за сопствено учество на Општина Свети Николе во проект за ИПА Програмата - Прекугранична соработка Р.Македонија – Грција 2007-2013 бр. 0701 - 460 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 23.05. 2012 година.

**Бр. 0801-454/2-6**
**23.05. 2012 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 36 став1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (Службен весник на РМбр 5/02), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 23.05.2012 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за сопствено учество на Општина Свети Николе во проект за**
**ИПА Програмата - Прекугранична соработка Р.Македонија – Грција 2007-2013**

**Член 1**

Со оваа Одлука се обезбедуваат средства за учество на Општина Свети Николе во јавен повик за прибирање на предлог-проекти за ИПА Програмата - Прекугранична соработка Р.Македонија – Грција 2007-2013.

Средствата ќе бидат наменети за стручно оспособување и усовршување на професионалните квалификации на ранливи групи на население во прекугранична областа на Грција - Македонија”- “ПРОДИТРАИН”. Проектот е под приоритетот и мерката на програмата - Зајакнување на прекуграничниот економски развој и Зајакнување на човечките ресурси, во партнерство на Филоптоцхос Аделпхотис оф Мен - Тхессалоники, Општина Алмопиа, Европски граѓански активности и Центар за социјален и економски развој.

**Член 2**

Средствата се обезбедуваат во висина од 15% од вредноста на предлог-проектот или 21.371,74 евра, согласно обврската од јавниот повик за обезбедување на кофинансирање.

**Член 3**

Средствата за оваа намена ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Свети Николе за економски развој.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесување и истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Свети Николе.

**Бр.0701-460**
**23.05.2012година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Марјанчо Саздов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Квартален извештај за извршувањето на буџетот за општина Свети Николе за извештајниот период (кумулативно) за квартал Први од 01.01.2012година до 31.03.2012година**

Се објавува Квартален извештај за извршувањето на буџетот за општина Свети Николе за извештајниот период (кумулативно) за квартал Први од 01.01.2012година до 31.03.2012година бр. 0701 - 461 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 23.05. 2012 година.

**Бр. 0801-454/2-7**
**23.05. 2012 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Образец К1

**Квартален извештај за извршувањето на буџетот за општина СВЕТИ НИКОЛЕ за извештајниот период (кумулативно) за квартал Први-оД 01.01.2012година до 31.03.2012година**

**Општина: СВЕТИ НИКОЛЕ**

**Извештаен период : од 01.01.2012година до31.03.2012год**
(ден,месец,година)

**Датум на поднесување на извештајот:08.05.2012год**

*(во денари)*

| Приходи - Квартал -ПРВ | Буџет за 2012година | | Наменска дотација за 2012година | | Самофинансирачки активности за 2012 | | Донации за 2012година | | Кредити за2012 година | | Вкупно за 2012 година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | План | Реализација за прв квартал | План | Реализација за прв квартал | План | Реализација за прв квартал | План | Реализација за прв квартал | План | Реализација за прв квартал | План | Реализација за прв квартал | Останато нереализирано од 2012 |
| **ТЕКОВНО ОПЕРАТИВЕН БИЛАНС:** | | | | | | | | | | | | | |
| **ВКУПНИ ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ** | 74.555.809 | 11.830.694,00 | 137.140.000 | 33.852.431,00 | 20.980.636 | 3.553.789,00 | 0 | 0 | 0 | 0 | 232.676.445 | 49.236.914 | 183.439.531 |
| **ВКУПНИ ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | 56.685.809 | 10.140.803,50 | 137.070.000 | 33.503.166,50 | 20.540.636 | 3.268.126,50 | 0 | 0 | 0 | 0 | 214.296.445 | 46.912.096,50 | 167.384.348,50 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **КАПИТАЛЕН БИЛАНС:** | | | | | | | | | | | | |
| **ВКУПНИ КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | 15.650.000 | 93.977,50 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15.650.000 | 93.977,50 | 15.556.022,50 |
| **ВКУПНИ КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | 33.520.000 | 1.783.868,00 | 70.000 | 2.496,00 | 440.000 | 125.940,00 | 0 | 0 | 0 | 0 | 34.030.000 | 1.912.304,00 | 32.117.696,00 |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 71 | | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **45.156.862** | **5.802.319** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **45.156.862** | **5.802.319** | **39.354.543** |
| | 711 | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 1.577.862 | 312.770 | | | | | | | | | | | |
| | 712 | Придонеси за социјално осигурување | | | | | | | | | | | | | |
| | 713 | Даноци на имот | 12.919.000 | 1.170.878,50 | | | | | | | | | | | |
| | 714 | Домашни даноци на стоки и услуги | | | | | | | | | | | | | |
| | 715 | Данок од меѓународна трговија и трансакции (царини и давачки) | | | | | | | | | | | | | |
| | 717 | Даноци на специфични услуги | 28.210.000 | 4.318.670,50 | | | | | | | | | | | |
| | 718 | Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | 2.450.000 | 0,00 | | | | | | | | | | | |
| 72 | | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **6.661.947** | **818.739** | **0** | **0** | **17.070.636** | **3.295.809** | **0** | **0** | **0** | **0** | **23.732.583** | **4.114.548** | **19.618.036** |
| | 721 | Претприемачки приход и приход од имот | 16947 | | | | 125.000 | 179.619 | | | | | | | |
| | 722 | Глоби, судски и административни такси | 1.180.000 | 95.715 | | | | | | | | | | | |
| | 723 | Такси и надоместоци | 2.515.000 | 144.522 | | | 16.773.636 | 3.112.656 | | | | | | | |
| | 724 | Други Владини услуги | 650.000 | 13.000 | | | | | | | | | | | |
| | 725 | Други неданочни приходи | 2.300.000 | 565.501,50 | | 0 | 172.000 | 3.534 | | | | | | | |
| 74 | | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **22.737.000** | **5.209.636,50** | **137.140.000** | **33.852.431** | **3.910.000** | **257.980,00** | **0** | **0** | **0** | **0** | **163.787.000** | **39.320.048** | **124.466.953** |
| | 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 22.737.000 | 5.209.636,50 | 137.140.000 | 33.852.431,00 | 3.910.000 | 257980 | 0 | | | | | | |
| | 742 | Донации од странство | | | | | | | | | | | | | |
| | 743 | Капитални донации | | | | | | | | 0 | | | | | |
| | 744 | Тековни донации | | | | | | | | | | | | | |
| | | **ВКУПНИ КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | | | | | | | | | | | | | |
| 73 | | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **15.650.000** | **93.977,50** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **15.650.000** | **93.977,50** | **15.556.022,50** |
| | 731 | Продажба на капитални средства | 650.000 | | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 732 | | | | | | | | | | | | | | |
| | 733 | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 15.000.000 | 93.977,50 | | | | | | | | | | | |
| | 734 | Приходи од дивиденди | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |

| | | Расходи - Квартал -ПРВ | Буџет за 2012година | | Наменска дотација за 2012година | | Самофинансирачки активности за 2012 | | Донации за 2012година | | Кредити за2012 година | | Вкупно за 2012 година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | План | Реализација за прв квартал | План | Реализација за прв квартал | План | Реализација за прв квартал | План | Реализација за прв квартал | План | Реализација за прв квартал | План | Реализација за прв квартал | Останато нереализиран о од 2012 |
| 40 | | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **21.957.727** | **4.240.157** | **121.709.268** | **29.361.353** | **795.186** | **181.916** | **0** | **0** | **0** | **0** | **144.462.181** | **33.783.426** | **110.678.755** |
| | 401 | Основни плати | 14.075.875 | 2.973.069 | 88.831.843 | 21.406.338 | 580.488 | 132.793 | | | | | | | |
| | 402 | Придонеси за социјално осигурување | 5.281.852 | 1.109.858 | 32.877.425 | 7.955.015 | 214.698 | 49.123 | | | | | | | |
| | 403 | Останати придонеси од плати | | | | | | | | | | | | | |
| | 404 | Надоместоци | 2.600.000 | 157.230 | | | | | | | | | | | |
| 41 | | **РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ** | **850.000** | **33.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **850.000** | **33.000** | **817.000** |
| | 411 | Финансирање на нови програми и потпрограми | | | | | | | | | | | | | |
| | 412 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 200.000 | | | | | | | | | | | | |
| | 413 | Тековни резерви (разновидни расходи) | 650.000 | 33.000 | | | | | | | | | | | |
| | 414 | Резерви за капитални расходи | | | | | | | | | | | | | |
| 42 | | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **30.997.850** | **5.321.793** | **15.360.732** | **4.141.814** | **19.745.450** | **3.086.211** | **0** | **0** | **0** | **0** | **66.104.032** | **12.549.817** | **53.554.215** |
| | 420 | Патни и дневни расходи | 778.000 | 84.340 | 20.000 | 0 | 173.000 | 10.000 | | | | | | | |
| | 421 | Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт | 12.076.000 | 2.854.035 | 10.605.826 | 3.230.833,50 | 2.391.000 | 234.606 | | | | | | | |
| | 423 | Материјали и ситен инвентар | 5.000.000 | 755.491 | 737.021 | 296.643 | 11.981.000 | 2.112.501,50 | | | | | | | |
| | 424 | Поправки и тековно одржување | 4.540.000 | 307.038 | 288.530 | 142.365 | 880.000 | 64.910,00 | | | | | | | |
| | 425 | Договорни услуги | 5.965.000 | 1.091.704 | 3.584.988 | 467.441 | 2.262.450 | 295.989,50 | | | | | | | |
| | 426 | Други тековни расходи | 2.638.850 | 229.185 | 124.367 | 4.531 | 2.058.000 | 368203,5 | | | | | | | |
| | 427 | Привремени вработувања | | | | | | | | | | | | | |
| 45 | | **КАМАТНИ ПЛАЌАЊА** | | | | | | | | | | | | | |
| | 451 | Каматни плаќања кон нерезиденти кредитори | | | | | | | | | | | | | |
| | 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | | | | | | | | | | | | | |
| | 453 | Каматни плаќања кон други нивоа на власт | | | | | | | | | | | | | |
| 46 | | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **2.080.232** | **400.853,50** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **2.080.232** | **400.854** | **1.679.379** |
| | 461 | Субвенции за јавни претпријатија | | | | | | | | | | | | | |
| | 462 | Субвенции за приватни претпријатија | | | | | | | | | | | | | |
| | 463 | Трансфери до невладини организации | 821.000 | 40.000 | | | | | | | | | | | |
| | 464 | Разни трансфери | 1.259.232 | 360.853,50 | | | | | | | | | | | |
| | 465 | Исплата по извршни исправи | | | | | | | | | | | | | |
| 47 | | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **800.000** | **145.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **800.000** | **145.000** | **655.000** |
| | 471 | Социјални надоместоци | 800.000 | 145.000 | | | | | 0 | | | | | | |
| | 472 | Плаќања на бенефиции од Фондот за ПИОМ | | | | | | | | | | | | | |
| | 473 | Плаќања на надоместоци од Агенцијата за вработување | | | | | | | | | | | | | |
| | 474 | Плаќања на надоместоци од Фондот за здравствено осигурување | | | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 49 | | **ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА** | | | | | | | | | | | | | |
| | 491 | Отплата на главнина до нерезидентни кредитори | | | | | | | | | | | | | |
| | 492 | Отплата на главнина кон домашни институции | | | | | | | | | | | | | |
| | 493 | Отплата на главнина до други нивоа на власт | | | | | | | | | | | | | |
| 48 | | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **33.520.000** | **1.783.868** | **70.000** | **2.496** | **440.000** | **125.940** | **0** | **0** | **0** | **0** | **34.030.000** | **1.912.304** | **32.117.696** |
| | 480 | Купување на опрема и машини | 4.470.000 | 469.500 | 20.000 | | 290.000 | 125940 | | | | | | | |
| | 481 | Градежни објекти | 0 | | | | | | | | | | | | |
| | 482 | Други градежни објекти | 28.340.000 | 1.314.368 | 30.000 | 0 | | | 0 | 0 | | | | | |
| | 483 | Купување на мебел | 0 | | | | | | | | | | | | |
| | 484 | Стратешки стоки и други резерви | | | | | | | | | | | | | |
| | 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 560.000 | 0 | 20.000 | 2.496 | | | | | | | | | |
| | 486 | Купување на возила | 150.000 | | | | 150.000 | | 0 | | | | | | |
| | 487 | Капитални трансфери до вонбуџетски фондови | | | | | | | | | | | | | |
| | 488 | Капитални дотации до ЕЛС | | | | | | | | | | | | | |
| | 489 | Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации | | | | | | | | | | | | | |

Бр.0701-461

23.05.2012година

Свети Николе

Претседател на Совет на Општина Свети Николе

Марјанчо Саздс с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Извештај за реализација на Општина Свети Николе за првиот квартал за 2012 година**

Се обајавува Извештај за реализација на Општина Свети Николе за првиот квартал за 2012 година бр. 0701 - 462 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 23.05. 2012 година.

**Бр. 0801-454/2-8**
**23.05. 2012 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
***Роберт Ѓоргиев с.р.***

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ ЗА ПРВИОТ КВАРТАЛ ЗА 2012 ГОДИНА

Општина Свети Николе во текот на првиот квартал од 01.01.2012 до 31.03.2012 година има реализација на Буџетот на Општина Свети Николе во вкупен износ од **49.236.914,00 денари** или изразено во процент изнесува **21,16 %,** споредено план со реализација.

Основниот буџет на Општина Свети Николе за првиот квартал има реализација од **11.924.671,50** денари или изразено во проценти изнесува **13,22%.** Следејќи ја историјата на базата на податоците за реализацијата во последните пет години мораме да напоменеме дека првиот квартал од 2012 годината е на ниво кое би требало да го има за овој квартал. Споредено со претходната година е речиси за **3,2%** понисок од процентот кој е остварен во првиот квартал на 2011. Со анализата која е направена во одделението за финнсии и буџет констатирано е дека општината постепено ја зголемува својата ликвидност со тоа што се обидува да изврши исплата на заостанатите обврски кон комитентите и се обидува да оствари максимално прибирање на приходите со што би се овозможило поголема финансиска сигурност. Според вкупните приходи општинскиот основен буџет има реализација во приходниот дел во вкупен износ од **11.924.671,50** денари, а од истите реализација на расходите во вкупен износ од **11.924.671,50** и салдо на 31.03.2012 во износ од **10.157,00** денари.

Од севкупните расходи на ставките 401 и 402 кои се однесуваат за исплата на плата, надоместоци и придонеси има потрошено **4.240.157,00,** а остатокот на средства се за исплата на обврските кои општината ги сервисира и е на повидок да се воведе максимална финансиска контрола и дисциплина во делот на исплатата на основниот буџет.

Ако се направи анализа на средствата како се реализирани и потрошени како реализација/план за овој прв квартал од 2012 се добива следната слика на реализација на трошоци во основниот буџет:

- За плати и надоместоци на вработените во локалната самоуправа се потрошени **4,53%** од вкупните расходи, а соодносот реализација/план е **21,10%**

- За тековни резерви и исплати на советници се потрошени **0,21%** од вкупните расходи , а соодносот реализација/план е **5,85%**

- За патување во земјата патни трошоци, споредни трошоци и патарини како и трошоци напаравени во државата во кој спаѓаат и сместувањата има направено трошок кој изразен во процент изнесува **0,09%** од вкупните трошоци или во денари изразено изнесува **84.340,00** денари, а соодносот реализација/план е **10,84%**

- За комунални услуги во кој спаѓаат(електрична енергија, огрев, телефон и телефакс, регистрација на моторни возила, гориво и масла, пошта ) исплатени се **3,16%** од планираните трошоци или во денари изразено изнесува **2.854.035,00** денари, а во однос на вкупните трошоци е **23,63%**

- За материјали и ситен инвентар во кој спаѓа и одржувањето на уличното осветлување, одржувањето во детското одмаралиште во Дојран како и сите поправки кои се направени во општинската зграда, во овој дел спаѓа и набавката на материјали за посебни намени како што се знаците за сигнализација лежечки полицајци и се она што е специфично како материјал кој има посебна намена и самиот износ за овие трошоци изнесува **755.491,00** или **0,84%** од планираните трошоци, во однос на вкупните трошоци реализирано е **15,10%**

- За поправки и одржување на моторни возила,поправка и замена на резервни делови гуми и други делови кои се потребни за возниот парк на општината како и за одржување на зелени површини се потрошени средства во износ од **307.038,00** денари или во проценти **6,76%** од планираното, во однос на вкупните трошоци реализирано е **0,34%**

- За други договорни услуги ангажирање на лица кои имаат извршено определени услуги кон општината, надомест за експропријација , исплата на проекти за урбанистички и просторни планови, примарна заштита, услуги за копирање и печатење има реализирано **1,21%** од вкупните расходи, а реализирано во однос на планирано е **18,30%**

- За расходите кои се однесуваат на репрезентација, посета на семинари и конференции, објава на огласи, членарина во домашни и странски заедници има издвоено средства во износ од **229.185,00** денари или **8,69%,** а во однос на вкупните расходи има реализирано **0,25%**

- На ставките кои се однесуваат за исплатата на невладини организации, здруженија на граѓани како и трансферите до спортски клубови и организации од невладин сектор има остварување во овој четврт квартал од годината во износ од **40.000,00** денари или изразено во проценти **4,87%**, а во однос на вкупните расходи е **0,04%**

- За разни трансфери има исплатено **360.853,50** денари и процентот изнесува **28,66%,** а во однос на вкупните расходи е **0,40%**

- Социјалните бенифиции кои се однесуваат на еднократна парична помош и награда за новороденчина изнесува **145.000,00** денари или тоа изразено во процент изнесува **18,13%,** а во однос на вкупните расходи е реализирано **0,16%**

- За купување на опрема и машини има исплатено износ **469.500,00** или **10,50%,**а во однос на вкупните расходи реализирано е **0,52%**

- За изградба и реконструкција на патишта улици и автопати има реализација во износ од **1.314.368,00** или процентуално изнесува **4,64%,** во однос на вкупните расходи реализацијата е **1,46%**

Во овој дел од образложението го имаме извршувањето на основниот Буџет на општина Свети Николе за прв квартал за 2012 година. Можеме да констатираме дека имаме мошне добра реализација и на приходите и на расходите со максимално остварување од **13,23%** .

Во делот за намеските дотации мора да се каже дека тие се реализирани во износ од **33.852.431,00** денари или изразено во проценти **25%.** Динамиката на реализација е на идеална страна. Мораме да напоменеме дека иако во 2012 година имаме поголем буџет на финансиски средства кои се трансферираат до локално ниво средствата не се доволни за сервисирање на сите потреби на буџетските корисници и општината работи на комплетна анализа за изнаоѓање на решение за овој проблем које непосредно проблем на сите нас како општина. Особено има проблем во делот на сервисирање на оперативните трошоци кои се иако минимални не можат комплетно да се извршат и исплатат од страна на буџетските корисници.Вкупната реализација на расходната страна на буџетските корисници изнесува **33.505.662,50** денари или изразено **25%** реализирано во однос на планирано.

Во делот за самофинансирачките активности имаме реализација и процентот изнесува **17,87** %. Динамиката на активностите кои се спроведуваат во делот на самофинансирачките активности се на задоволувачко ниво и се на многу на повисоко ниво на реализација споредено со претходната година .









Според погоре прикажаниот графикон може да се констатира дека Општина Свети Николе по соодветните програми се обидува максимално да ја извршува функцијата за соодветните политики во сите области кои ги има зацртано и предвидено за 2012 година.

Табеларен приказ на предвидени со реализирани приходи во Основниот Буџет во првиот квартал за 2012

| конто | Опис на приход | Планирано | Реализирано |
|---|---|---|---|
| 711 | Данок од доход, добивка и капитални добивки | 1.577.862,00 | 312.770,00 |
